**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 09-494/5**
**Скопје, 22.09.2005 година**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за надворешни работи (во понатамошниот текст МНР) - средства од Буџетот на РМ, за 2004 година, кои се прикажани на страните 17,18 и 19.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија за 2001 и 2002 година, и издадени се извештаи за финансиските извештаи на Министерството за надворешни работи. За годината 2003 која `и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија не е вршена ревизија на финансиските извештаи.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Д-р Илинка Митрева, министер за надворешни работи за 2004 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 16, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 02.03.2005 до 16.05.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - Танка Блажевска, Помошник главен државен ревизор;
   - Снежана Лулевска, Самостоен ревизор;
   - Бранко Темелкоски, Ревизор;
   - Наташа Ристовска, Помлад ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 20.07.2005 година примени се забелешки на Претходниот извештај на овластениот државен ревизор за сметката - средства од Буџетот на РМ, под бр. 10-10851/1 од 20.07.2005 година, од министерот за надворешни работи. Истите се разгледани, при што е одлучено следното:
    - забелешките кои се однесуваат на наодите во точка 10.4.6. и 10.5.1. ал 11 се прифаќаат и наодите се бришат;
    - забелешките кои се однесуваат на наодот во точка 10.2.2. делумно се прифаќаат и наодот се корегира во точка 11.2.2;
    - забелешките кои се однесуваат на наодот во точка 10.5.2. ал. 1 делумно се прифатени за износ од 1.043 илјади денари и наодот се корегира и менува на износ од 4.772 илјади денари во точка 11.5.2 ал 1 во конечниот извештај;
    - за забелешките кои се однесуваат на наодот во точка 10.3.5. доставена е дополнителна документација на 7.09.2005 година, а поради карактерот на направените расходи, согласно Законот и Стандардите за Државна ревизија, изготвен е посебен извештај;
    - наодот во точка 10.1.4. е прифатен од страна на МНР и по истиот е спроведена препораката во 2005 година со донесувањето на Правилник за начинот и постапката на вршење на набавки од мала вредност;
    - забелешките по наодите во точка 10.4.1, 10.4.3 и 10.4.4. не ги оспоруваат наодите туку се однесуваат на спроведување на дадените препораки од ревизијата во 2005 година кои треба да се проверат со наредната ревизија;
    - за останатите забелешки ревизијата не доби релевантен и доставен ревизорски доказ како основ за нивно прифаќање поради што истите се одбиени.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### 11.1. Неправилна примена на акти

11.1.1. МНР нема воспоставен систем на интерни контроли кој ќе обезбеди разграничување на должностите и одговорностите на лицата кои извршуваат работни задачи во министерството и дипломатско-конзуларните претставништа (во понатамошниот текст ДКП), поради што доаѓа до преклопување на одговорностите кај едно исто лице за различни

задачи кои меѓусебно се исклучуваат. Имено, одговорниот сметководител - раководител на Одделението за финансии и сметководство, кој воедно е и одговорен за контрола на точноста, исправноста и законитоста на книговодствените исправи, извршува и работи на благајник. Не е назначено посебно лице - сметкополагач за материјално финансиското работење во дипломатско - конзуларните претставништва, ниту е одредено лице ракувач со имотот, со потрошниот материјал и друго од страна на шефот на претставништвото, иако истото е уредено со посебен акт на министерството. Ваквата состојба може да доведе до злоупотреба и несовесно ракување со средствата и имотот на МНР.

11.1.2. Утврдени се исплати за направени трошоци на име надоместок за изнајмување на стан на дипломатските претставници на Република Македонија во износ поголем од утврдениот со Правилникот за плати, додатоци на плата и надоместок на определени трошоци на државните службеници во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија во странство во износ од 8.972 илјади денари и тоа за амбасадите во Атина, Стокхолм, Рим, Лондон, Вашингтон, Брисел-Нато, Њујорк-ОН, и Париз). Извршувањето на исплатата е одобрено по барања на дипломатските претставници од страна на државниот советник за организациони работи на МНР повикувајќи се на исклучокот во членот 21 став 2 од наведениот Правилник, според кој ваквото одобрување е исклучиво во надлежност на министерот. Во прилог на повеќе исплатените средства е и утврдената состојба од страна на комисијата за контрола на материјално финансиското работење на постојаната мисија на РМ при ООН Њујорк, која изготвила извештај во февруари 2004 година и утврдила повеќе исплатени средства за 351.049 УСД за период од 2001 до 2003 година. Во врска со ова ревизијата констатира дека не се преземени никакви мерки за лицата кои го пречекориле утврдениот лимит согласно актот, ниту за лицето кое вршело одобрување на истите, иако состојбата е оценета како резултат на неекономично, недомаќинско работење и спротивно на законските прописи.

11.1.3. Не се донесени решенија за задолжувањата на лица вработени во дипломатско - конзуларните претставништва во странство за неосновани исплати и исплати без документ и не се превземени мерки за наплата на побарувањата од плата на вработените согласно законските прописи и интерните акти на министерството. Ваквите побарувања од вработените во ДКП ревизијата не можеше да ги квантифицира поради невоспоставена аналитичка евиденција по лица и основ на задолжување, што овозможува ненавремено превземање или воопшто непревземање на мерки за надомест на настанатата материјална штета. Целта на акцептирање на оваа ставка е значајноста на искажаната сметководствена вредност која на 31.12.2004 година изнесува вкупно 11.678 илјади денари.

11.1.4. Министерството за надворешни работи за 2004 година нема донесено интерен акт со кој ќе ги регулира начините на набавката од мала вредност и ќе го утврди организациониот облик или лицето кое ќе биде одговорно за собирање на понудите од кандидатите, начинот за собирање на понудите, начинот на извршување на договорот доколку е склучен и контрола на неговото извршување особено во рамките на гарантниот период што е спротивно на Законот за јавни набавки, со важност од 7.04.2004 година.

11.1.5. Ревизијата изврши увид во извештаите од комисиите задолжени за контрола на неколку дипломатско конзуларни претставништва во странство



*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------

од месец октомври и декември 2003 година и од февруари и септември 2004 година, во кои се констатирани голем број на неправилности во значителни парични или материјални износи во однос на ненаменско и незаконско користење на средства од страна на одговорните лица во ДКП спротивно на законските прописи и правилниците за работењето што важат за ДКП. За истите се предложени мерки во смисла на покренување на постапки против одговорните лица и предлог за донесување на решенија за задолжување на лицата за враќање на незаконски потрошените средства. До денот на ревизијата министерот за надворешни работи и соодветните стручни служби во министерството не превземале соодветни мерки по овој основ.

На ревизијата не и беа доставени на увид извештаите за извршените контроли од страна на Главниот внатрешен ревизор на МНР за Париз, Стразбург и Лондон во 11 месец 2004 година и Берн во 12 месец 2004 година, ниту квартален и годишен ревизорски извештај за резултатите од поединечните извештаи согласно Законот за внатрешна ревизија.

**Препораки и мерки:**

1. Да се воведе систем на интерни контроли со кои ќе се обезбеди разграничување на должностите и одговорностите на вработените и материјална одговорност на лицата кои ракуваат со предметите, располагаат со средствата и ги водат финансиските и материјални евиденции на начин предвиден согласно законските прописи и интерните акти на министерството - Правилникот за систематизација на работните места во МНР и Правилникот за водење на финансиското и материјалното работење во ДКП на РМ во странство.
2. Во однос на платените повисоки закупнини над лимитот утврден со Правилникот, ревизијата предлага неколку препораки и мерки, и тоа:
    - Преиспитување на сите случаи на признавање на повисоките закупнини врз основа на дадените согласности од страна на државниот советник за организациони работи.
    - За утврдените незаконски исплати по овој основ да се задолжат одговорните лица.
    - Превземање на конкретни мерки за утврдување на одговорноста на одделни лица и нивно задолжување по однос на утврдените незаконски исплати на повисоки закупнини утврдени со извештајот за извршена контрола на материјално финансиското работење на постојаната мисија на РМ при ООН Њујорк.
    - Применувајќи го исклучокот даден во Правилникот за повисоки закупнини кој станува зачестена практика и повлекува исклучително високи трошоци, а со тоа и трошење поголем износ буџетски средства, ревизијата е на мислење дека се потребни измени на членот 20 од истиот Правилник, со кое ќе се воведе ограничување на станбената површина на закупениот стан (изразено во квадратни метри), имаји го предвид и сегашното решение со кое се наведува само бројот на соби и помошни простории.
3. Одговорните лица во ДКП да постапат по препораките на комисиите за контрола на материјално финансиското работење на ДКП и да воведат аналитичка евиденција на побарувањата по лица според основот на задолжување при што да донесат решенија за надомест на материјалната штета и парично задолжување на вработените преку задршка од плата.

11.2. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела:**

11.2.1. Спротивно на Законот за сметководство за буџети и буџетски корисници во финансиските извештаи на сметката за редовно работење не се реално искажани вкупните приходи и расходи согласно планираните и одобрените средства за оваа сметка од Буџетот на РМ бидејќи во сметководствената евиденција се вклучени и трансферите за ДКП од сметката за приходи наплатени од органи кои за 2004 година изнесуваат 170.747 илјади денари. Со ваквиот начин на евиденција буџетскиот корисник двапати ги искажал (кај двете сметки) приходите и расходите обезбедени преку сметката за приходи наплатени од органи кои се однесуваат на ДКП и не обезбедил податоци во сметководствената евиденција кои се потребни за следење на законското и наменското користење на средствата спротивно на Законот за буџетите.

11.2.2. Според сметководствената евиденција на девизните сметки и благајни за редовно работење во ДКП искажана е состојба во износ од 23.653 илјади денари кои што средства се непотрошени буџетски средства со 31.12.2004 година дозначени од трезорот на РМ и кои што согласно член 36 од Законот за буџети, МНР има обврска да ги врати во Буџетот на РМ. Министерството за надворешни работи, односно ДКП не пријавило неизмирени обврски за 2004 година, а истовремено ги задржало непотрошените буџетски средства спротивно на наведениот Закон.

11.2.3. Деловните книги за работењето на ДКП во странство не се водат по принципите на буџетското сметководство согласно Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, односно не се евидентираат побарувањата и обврските во тековниот период ниту на крајот на годината, што доведува до нецелосни, некомплетни, ненавремени и неажурни податоци во деловните книги, како и во финансиските извештаи. Ревизијата констатира случаи на плаќање на обврски од претходни години во тековната година и наплата на побарувања кои не биле прикажани во соодветниот пресметковен период во кој настанале.

11.2.4. Министерството за надворешни работи нема обезбедено веродостојни, вистинити и уредни документи врз основа на кои се спроведени одредени книжења во сметководствената евиденција за материјално финансиското работење во ДКП, спротивно на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, поради следното:

- Документите не секогаш содржат доволно елементи (потпис, печат, датум, опис и сл.) од кои може точно да се утврди карактерот на трансакцијата за да истата соодветно се искаже во книговодствената евиденција.
- Најголем дел од сметководствените документи немаат превод на македонски јазик. Фактот дека се работи за документи генерирани од различни странски земји, односно од други правни системи и јазично подрачје, налага потреба од превод на поважните документи (договори, имотни листови, кореспонденција и фактури) со цел да се утврди веродостојноста и поединостите кои можат да влијаат на материјално финансиската состојба.
- Целокупната сметководствена документација од дипломатско конзуларните претставништва не е проверена од овластено лице (ликвидатор) за контрола на сметководствената и формалната вистинитост и точност на секој одделен вид сметководствен документ.
- Во одделни ДКП документите за исплата не се одобрени од шефот на претставништвото со печат и потпис пред да се изврши исплатата на

фактурата или сметката, ниту пак е извршено разграничување на должностите и одговорностите така што има случаи кога едно лице кое го води материјално - финансиското работење и благајните истовремено е и шеф на претставништво. (Букурешт, Женева, мисија, Детроит, Копенхаген). Причината за ваквата состојба е недоволниот број на вработени во амбасадата.

- Во налозите за книжење кај претставништвата во Бон и Берлин не се приложени оригиналните документи, ниту пак се обезбедени копии од документите врз основа на кои се спроведени финансиските трансакции. Како причина за ваквата состојба е наведено нивното доставување до надлежните институции во земјата за поврат на ДДВ. На ревизијата и е дадено на увид копија од барањето со преглед на фактури од 11.04.2005 година во вкупен износ од 12.080 иљади денари (196.045,17 ЕУР) на германски јазик и без потврда и печат на надлежната институција, поради што не можеше да се увери во реалноста на документот.
- Според изводите од девизната сметка отворена во Вашингтон ревизијата констатира разлика во износ од 96.496,35 УСД помеѓу состојбата на средствата на ден 31.12.2004 година во износ од 1.557.345,65 УСД и искажаната книговодствена состојба на истиот ден во износ од 1.653.842,00 УСД. Оваа разлика произлегува од извршена исплата на 22.06.2004 година во износ од 100.000 УСД, за кој износ на ревизијата не и е презентиран документ за исплатата, и за добиена вкупна месечна камата на депонираните средства во износ од 3.503,65 УСД.

11.2.5. Не е извршен попис на средствата и изворите на средства на начин пропишан со законските прописи односно не е извршено усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба утврдена на ден 31.12.2004 година, поради следното:

- Решенијата за формирање на комисии за попис на средствата во ДКП се одобрени од шефовите на ДКП-то, односно од амбасадорите и вршителите на должност на истите, а не од Министерот на МНР. Комисиите се формирани од истите вработени кои ракуваат со средствата во амбасадите и сите комисии не се составени од по три члена. Ваквиот начин на работење и организирање на пописот е спротивен на законските прописи и влијае на објективноста и реалноста на извршениот попис.
- Не е извршен попис на градежните објекти, становите и инвестициите во тек иако според вредноста во сметководствената евиденција имаат значително влијание во вкупната актива.
- Пописните листи за извршен физички попис на опремата во објектите во Скопје и по амбасадите се неуредни и непотполни, како што констатирала и самата комисија во својот извештај. Комисијата не ги издвоила во посебни пописни листи средствата кои се дотраени и кои не се употребуваат и не дала предлог за начинот на нивно расходување или отуѓување. Во извештајот даден е предлог за книжење на утврдените вишоци и кусоци на опремата со изразени сметководствени вредности, без да се утврдат причините за утврдените разлики. Во сметководството спроведени се книжења за вишоците, а не се спроведени соодветни книжења за кусоците чија вредност во Скопје изнесува 343 иљади денари иако има решение за спроведување на книжењето. Во решението за усвојување на пописите од комисиите во ДКП не е утврдена вредноста на кусоците, а наложено е да се изврши повторен попис со кој ќе се утврдат точните показатели. Ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на извршениот попис на опремата поради неусогласеност

на книгата на основни средства со аналитичката и синтетичката евиденција и сите горенаведени состојби.

- За извршениот попис на благајната и жиро сметките во ДКП изготвен е извештај потпишан од комисијата која вршела попис во МНР Скопје, а врз основа на добиени извештаи од пописните комисии во ДКП, во кои е наведена книговодствената состојба на парични средства во благајните и сметките за редовно работење. Со увидот во пописот од амбасадите е констатирано дека не се изготвени пописни листи на паричните средства изразени во апоени, иако секоја амбасада има по две благајни. Исто така не се изготвени извештаи за усогласување на паричните средства на девизните сметки со последните изводи од банките, што укажува на фактички неизвршен попис и негово неусогласување со сметководствената состојба.
- Не е извршен попис на побарувањата и обврските со утврдување на нивниот правен основ, ниту е извршен попис на ситниот инвентар во употреба со состојба на 31.12.2004 година. Во пописните листи доставени од ДКП наведен е ситниот инвентар во натурални вредности, а во администрацијата на МНР не е извршено усогласување на фактичката со сметководствената состојбата.

11.2.6. Пресметката на амортизацијата на материјалните средства за 2004 година не е вршена според пропишаните стапки на амортизација согласно Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисници.

**Препораки и мерки:**

1. Министерството за финансии да превземе дејствија и воспостави процедури со цел јавните приходи по основ на остварен приход од конзуларните такси и административни такси во готови пари, кој што се наплатуваат во дипломатско конзуларните претставништва во странство, да се уплатуваат директно на уплатните сметки за јавни приходи, согласно Законот за буџети и Упатството за начинот на евидентирање и распоредување на јавните приходи.
2. Министерството за финансии да обезбеди целосно финансирање на трошоците на дипломатско конзуларните претставништва на РМ во странство во рамките на сметката за редовно работење. На ваков начин ќе се избегне можноста од ненаменско и незаконско трошење на средства во ДКП во странство.
3. Непотрошените буџетски средства на девизните сметки во ДКП да се враќаат во Буџетот на РМ.
4. Деловните книги за работењето на ДКП во странство да се водат согласно Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, со навремено и ажурно евидентирање на сите побарувања и обврски.
5. Да изврши попис на средствата и изворите на средства согласно законските прописи.
6. Да изготви нова пресметка на амортизација на материјалните средства согласно пропишаните стапки на амортизација во Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

11.3. **Неправилности во искажувањето на приходите и расходите:**

11.3.1. Со ревизијата на остварениот и уплатениот приход од конзуларни такси и надомест на фактички трошоци генерално и за поодделни ДКП се констатира следното:

- Остварениот приход од конзуларни такси и надомест на вистинските (фактички) трошоци во вкупен износ од 187.753 илјади денари не се



*ул: “Маршал Тито” - 12/3* — *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* — ----------------------------

уплатува на уплатните сметки за јавни приходи што е спротивно на Законот за буџети, на Упатството за начинот на евидентирање и распоред на јавните приходи и спротивно на Правилникот за финансиско и материјално работење на ДКП на РМ во странство. Имено, овие приходи се уплатуваат на трезорска сметка на МНР - сметка за приходи наплатени од органи преку откуп на девизите од НБРМ.

- Кај најголем дел од амбасадите и конзулатите приходот од надомест на вистинските трошоци не се издвојува во касовиот извештај за да се евидентира во посебна аналитичка сметководствена евиденција, туку истиот е во рамките на наплатениот приход од конзуларни такси.
- Со ревизијата не е констатирана наплата на приходи од административни такси во готови пари, иако согласно Правилникот за начин на плаќање на административни такси и известувањето од МНР до сите ДКП се задолжени да вршат наплата на ваков приход, што остава сомневање дека истиот не се прикажува.
- Уплатата на остварените приходи од ДКП на сметката за приходи наплатени од органи се врши нецелосно - делумно (во помал износ отколку што е остварено за одделен месец) и ненавремено (се уплатува за неколку месеци наеднаш за одредена сума, а не во рок од 5 дена односно 15 дена по истекот на претходниот месец) спротивно на Правилникот за финансиско и материјално работење на ДКП на РМ во странство и известувањата за уплата дадени од државните советници.
- Кај одделни амбасади утврдени се случаи на неуплатен приход од конзуларни такси на сметката приходи наплатени од органи, а наплатен на сметка во ДКП, кој што е искористен за подмирување на тековни трошоци на амбасадата, што е спротивно на Правилникот за финансиско и материјално работење на ДКП на РМ во странство и Законот за буџети.
- На крајот од годината останат е наплатен приход од конзуларни такси и надомест на вистински трошоци во најголем дел од месец декември, а во одделни амбасади и од други претходни месеци во 2004 година, во благајна или на сметка во ДКП.

11.3.2. Приходот што е остварен од извршениот поврат на данок во вкупен износ од 3.377 илјади денари за 2004 година не е уплатен на уплатните сметки за јавни приходи што е спротивно на Законот за буџети и Упатството за начинот на евидентирање и распоред на јавните приходи. Овие средства се незаконски потрошени за тековни потреби на ДКП. Во врска со ова МНР не ги евидентира ниту побарувањата врз основа на дадени барања за повраќај на данок по одделни амбасади како би се согледала навременоста на доставените барања и очекуваните приходи во наредниот период.

11.3.3. Ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на искажаните расходи во Министерството за надворешни работи во Скопје поради непостоење на соодветна поткрепувачка документација за репрезентација во износ од 550 илјади денари и за поправка и сервисирање на леки коли во износ од 391 илјади денари, кои се исплатени врз основа на сметкопотврди исплатени во готово од благајна без прилог на фискални сметки, како и расходи за репрезентација за време на службено патување во странство со користење на мастер кард без поткрепа на сметки во износ од 102 илјади денари, што може да доведе до злоупотреба на државни средства.

11.3.4. Ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на искажаните расходи од избраниот примерок во ДКП во странство поради

непостоење на соодветна поткрепувачка документација во следните случаи:

- Настанатите расходи за тековно одржување на амбасадите и резиденциите во странство се евидентирани врз основа на договори кои не се преведени на македонски јазик поради што ревизијата не можеше да се увери дали истите се на товар на амбасадата или на закуподавачот.
- Расходите за набавка на канцелариска опрема во износ од 2.186 иљади денари во одделни дипломатско конзуларни претставништва (Анкара, Брисел ЕУ, Букурешт, Лондон, Љубљана, Париз, Рим-амбасада, Брисел - Нато, Рим-ФАО, Солун) не се поткрепени со соодветна документација (фактури и сметки без превод на македонски јазик, испратница, приемница, комисиски записник за прием и сл.), односно без материјално задолжување на лицето кое ракува со опремата.
- Во месечните прегледи за материјално-финансиско работење кои се доставуваат до МНР (амбасада во Рим) евидентирани се расходи за материјали во износ од 152 иљади денари за кои не се специфицирани материјалите кои се набавуваат.

11.3.5. Во 2004 година ревизијата утврди евидентирани специфични расходи од национален интерес, за кои Согласно Законот и Стандардите за државна ревизија изготвен е посебен извештај.

**Препораки и мерки:**

1. Одговорните лица во МНР да преземат соодветни мерки остварениот приход од конзуларни такси и надомест на вистинските (фактички) трошоци во ДКП редовно и навремено да се уплатува на уплатните сметки за јавни приходи согласно Законот за буџети и Упатството за начинот на евидентирање и распоред на јавните приходи.
2. Во сметководствената евиденција да се евидентираат побарувањата по поднесените барања за повраќај на данок, а наплатениот приход да се уплатува на соодветните уплатни сметки за јавни приходи.
3. Набавките на опрема, стоки и користењето на услуги во МНР Скопје и во ДКП да бидат поткрепени со соодветна документација, а посебно во случај на набавка по сметкопотврди во готово да не се признаваат без фискални сметки.

11.4. **Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба:**

11.4.1. Во 2004 година и во претходните години не се евидентирани најголем дел од побарувањата по основ на платени депозити за закуп на објекти за потребите на амбасадите и резиденциите, како и платените депозити за закуп на станови на вработените на закуподавците. Во текот на 2005 година Министерството за надворешни работи превзело активности во однос на утврдување на фактичката состојба на платените депозити со испраќање на допис – известување до сите ДКП со задолжување на истите да доставаат податоци и преземат мерки за начинот и рокот за негово враќање по престанокот на договорот. Според извршената анализа и увид во одговорите од одделни ДКП по ова известување, ревизијата констатира дека во сметководствената евиденција не се евидентирани побарувања на МНР за платени депозити во износ од 2.014 иљади денари (Атина, Вашингтон, Виена, Постојана мисија на РМ при ОН, Лондон, Париз, Стокхолм). Овие побарувања се однесуваат само за становите под закуп на вработените во ДКП, а не и за платените депозити за закуп на објектите


*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------

во кои се сместени амбасадите и резиденциите на РМ во странство, што значи дека износот би бил многу поголем.

11.4.2. Ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на искажаната вредност на објектот - амбасада во Берлин која според сметководствената евиденција на ден 31.12.2004 година износува 362.491 илјади денари (11.692.010,95 ДЕМ) и станови во вредност од 39.792 илјади денари (1.283.484,65 ДЕМ) чија вредност е утврдена со претходниот ревизорски извештај за 2001 година, а врз основа на измирените обврски по догорочни кредити. Покасно во месец март 2004 година од страна на министерот за надворешни работи формирана е комисија од вработени во Министерството за финансии, со цел да ги утврди вкупните инвестициони вложувања, кредитните задолжувања во странство и понатамошните обврски за отплата на кредитите кои биле земени за изградба на амбасадата и купување на становите, при што е утврдена нова состојба на вложувањето за амбасадата која според доставените фактури од добавувачите изнесува 9.253.691,15 ДЕМ. Поради утврдената различна состојба ревизијата не можеше да утврди дали искажаната набавна вредност на амбасадата во Берлин одговара на вистинската вредност, ниту колкави се кредитните обврски за нејзина изградба на ден 31.12.2004 година. Исто така, според извештајот на комисијата не можеше да се утврди усогласување на книговодствената со вистинската вредност на становите од кои два стана се купени со кредит и пет стана кои се купуваат по договор за кирија со право на откуп. Во врска со ова ревизијата констатира дека не се спроведени и препораките и мерките дадени од комисијата, а кои се однесуваат на евидентирање на вистинската состојба на вредноста на наведените објекти вклучувајќи ја и пресметаната амортизација до 31.12.2004 година, што има за ефект нереална и необјективна слика во Билансот на состојбата.

11.4.3. Во сметководствената евиденција на МНР и во финансиските извештаи за претходните години и тековната година не се евидентирани обврските по долгорочните кредити за изградбата на објектот и за купување на становите во Берлин, од 1995 година во износ од 8.000.000,00 ДЕМ и од 1999 година во износ од 1.300.000,00 ДЕМ кон Дрезднер банк Филијала Бон, за што се потпишани договори од амбасадорот на РМ во СР Германија. Ревизијата констатира дека не е извршен попис на овие обврски со 31.12.2004 година и не е утврдена сметководствена состојба. Исто така, овие обврски не се пријавувани како неизмирени обврски кај Министерството за финансии, ниту се предвидени во предлог буџетската пресметка за 2004 година. Ревизијата има обврска да истакне дека за наведените кредитни задолжувања на државата во странство не е донесена одлука од Владата на РМ, ниту пак е донесен Закон за кредитно задолжување во странство што е спротивно на Законот за буџетите и Законот за кредитни односи со странство. Со увид во помошната евиденција (прегледи) на министерството која `и беше презентирана на ревизијата, кредитот за изградба на објектот за амбасада во Берлин од 8.000.000 ДЕМ е во целост исплатен со камата од 2.453.183,60 ДЕМ и 37.629,98 ЕУР заклучно со 31.03.2003 година, а обврските по кредитот за купување на станови со состојба на 31.12.2004 година изнесуваат 360.564,50 ЕУР (главница во износ од 332.329,60 ЕУР, рати во износ од 22.157,36 ЕУР и камата во износ од 6.077,54 ЕУР). Ваквата состојба ревизијата не може да ја земе како веродостојна поради тоа што истата не е искажана во деловните книги и финансиските извештаи.

11.4.4. Во сметководствената евиденција на МНР и во финансиските извештаи за претходните години и тековната година не се евидентирани финансиските трансакции на сите девизни сметки (4) во Дрезднер банк со кои располага амбасадата во Берлин, а се во врска со задолжувањата по долгорочните кредити за објектот и становите. Според книговодствената состојба на 31.12.2004 година салдата на двете сметки кои се водат во книговодството се негативни и изнесуваат вкупно 3.108 илјади денари (51.800,87 ЕУР). Вакви негативни салда, односно неизмирени обврски према оваа банка постојат уште од 1999 година а произлегуваат од обврските по кредити, рати и камати, како и обврските за извршени плаќања за набавка на стоки и услуги во претходните години. Вкупниот долг заклучно со 28.02.2005 година според изводите на сметките на банката изнесува 957.869,94 ЕУР и дневна камата во износ од 91,51 ЕУР почнувајќи од 1 март 2005 година. Банката испратила допис со предупредување до амбасадата во Берлин, доколку не ги измири обврските до 31.01.2005 година ќе ја активира депонираната гаранција од страна на НБРМ, со што ке изврши дополнително задолжување на државата поради несовесно и неодговорно работење на одговорните лица.

11.4.5. Ревизијата има обврска да истакне дека најголем дел од искажаниот износ на други материјални средства потекнува од минати години во износ од 61.372 илјади денари за спроведени книжења во ДКП Бон и Вашингтон, без прилог на документација. До денот на ревизијата не се превземени никакви мерки, ниту е вршен попис за утврдување на вистинската состојба, а се работи за значителен износ искажан во финансиските извештаи на МНР, кој со години останал непознат и непроменет.

**Препораки и мерки:**

1. МНР треба да пристапи кон евидентирање на сите побарувања по основ на уплатени депозити за закуп на станови за вработените во ДКП и закуп на објекти во кои се сместени амбасадите и резиденциите на РМ во странство. Со оглед на високиот износ на уплатени депозити за закупени објекти, ревизијата препорачува склучување договори за вложување на овие депозити во комерцијалните банки каде амбасадите имаат отворено сметки. Предноста од оваа мерка е дека Република Македонија ќе ја зачува реалната вредност на уплатените депозити, преку добивање на камати. Уплатените депозити ќе гласат на име на амбасадата, а настанатите оштетувања поради лична небрежност ќе паднат на терет на вработените во ДКП.
2. Да се преиспита набавната вредност и исправката на вредност искажани во сметководствената евиденција, за објектот и поединечно за становите во Берлин, да се внесат во книгата на основни средства со вистинската вредност од денот на активирање односно користење на становите кои се сопственост на МНР врз основа на комисиски записници, да се евидентира платениот депозит како побарување во случајот со откуп на становите преку кирија, соодветно да се евидентираат платените кирии за становите со право на откуп како побарување односно платени средства кои ќе се земат во предвид при откупот до 2009 година.
3. Во сметководствената евиденција да се евидентираат реалните обврски по долгорочните кредити за објектот и становите на амбасадата во Берлин, како и на останатите обврски по друг основ, на соодветни конта во активата и пасивата, а во врска со негативните салда (неизмирени обврски) према Дрезднер банк - Берлин.

4. Да се формира комисија за утврдување на состојбата искажана во сметководството на сметката други материјални средства во износ од 61.372 илјади денари, да се состави извештај и да се донесе решение за усогласување на сметководствената со фактичката состојба.

11.5. **Ненаменско и незаконско користење на средствата:**

11.5.1. Направени расходи без претходно обезбедени средства со буџетот/финансискиот план и спротивно на законските прописи

- Со извршената споредба на планираните и одобрени средства од Буџетот на РМ во однос на потрошените средства по ставки и подставки, посебно на средствата за програма 11 – МНР администрација и за програма 12 - ДКП финансирана од двете сметки (од сметка 637 и 631) ревизијата утврди случаи на незаконско и ненаменско користење на средствата кај следните ставки:
  1) програма 11 – МНР администрација:
     - за патни и дневни расходи 3.368 илјади денари;
     - за комуникација и транспорт 381 илјади денари;
     - за материјали 135 илјади денари;
     - за тековно одржување 369 илјади денари.
  2) програма 12 – ДКП:
     - за патни и дневни расходи 4.628 илјади денари;
     - за комунални услуги 4.767 илјади денари;
     - за комуникација и транспорт 19.081 илјади денари;
     - за тековно одржување 6.134 илјади денари;
     - за договорни услуги 16.713 илјади денари
     - за купување на моторни возила 2.233 илјади денари, средства кои воопшто не се планирани и одобрени од Буџетот на РМ;
     - за основно и специјално одржување 5.567 илјади денари.

  Трошењето на непланирани средства од Буџетот на РМ претставува незаконско трошење на средства, а прелевањето на средства од ставка во ставка без согласност на Министерството за финансии и соодветна одлука на Владата на РМ е ненаменско трошење на средствата.
- Извршени се исплати за патни и дневни расходи (дневници, патни расходи и сместување) на надворешни лица – ангажирани новинари за известување од странство, без склучен договор и без обезбедени средства за таа намена, во вкупен износ од 573 илјади денари, на кој износ е пресметан и платен персонален данок од 91 илјади денари. Средствата се исплатени од ставката - патни и дневни расходи предвидени за вработените во МНР, што е спротивно на Законот за буџетите.
- Незаконски потрошени средства од конзуларните приходи за тековни потреби во вкупен износ од 7.974 илјади денари (ДКП Бон, Берлин во износ од 60.546,92 ЕУР, Рим во износ од 66.700 ЕУР и Камбера во износ од 4.941,14 АУД).
- Незаконски потрошени средства за тековни потреби во ДКП од средствата остварени од извршен поврат на платен данок при набавката на опрема, инвестиции, стоки и услуги, во вкупен износ од 3.377 илјади денари.
- Извршена исплата од девизна сметка во Вашингтон во износ од 4.529 илјади денари (100.000 УСД) без документ и без спроведено книжење во сметководствената евиденција, што упатува на неосновано располагање со средства.
- Извршени плаќања на обврски по фактури за реконструкција и адаптација на зградата за амбасада во Париз кои се однесуваaат за 2003 година во

износ 3.618 илјади денари (58.676,57 ЕУР). Истите не се пријавени како неизмирени обврски, а со тоа и не се предвидени и одобрени со Буџетот за 2004 година. За оваа инвестиција нема спроведено постапка за јавна набавка, ниту пак има склучен договор со изведувачот. Фактурите немаат превод на македонски јазик, на одделни признаници за извршени исплати нема потпис од лицето кое одобрува исплата, ниту комисиски записник за потврда и завршување на инвестиционите вложувања и активирање на објектот.

- Извршени исплати од благајна за реконструкција и адаптација на објектот во Сараево без приложен документ во износ од 133 илјади денари (2.929,03 УСД).
- Извршени исплати за користени здравствени услуги во странство во износ од 2.081 илјади денари за кои не се предвидени ниту одобрени буџетски средства на соодветна ставка за таа намена, а се исплатени средства однапред во готово од благајната и спротивно на Правилникот за плати, додатоци на плата и надоместок на определени трошоци на државните службеници во ДКП во кој е наведено дека по поднесеното барање за надоместок на трошоците за користени здравствени услуги и по завршувањето на постапката на државниот службеник му се признаваат трошоците во обем кој го утврдува Фондот за здравствено осигурување. За целиот износ од 2.081 илјади денари не е извршено рефундирање од Фондот.
- Извршени исплати за вршење на услуги за потребите на претставништвата во Атина, Лондон, Рим, Мисија на РМ при НАТО (услуги за чистење, следење на медиуми) во износ од 1.779 илјади денари без склучени договори со лицето кое ја врши услугата и без согласност од министерството, спротивно на Правилникот за плати, додатоци на плата и надоместок на определени трошоци на државните службеници во ДКП. Ваквата практика остава простор за субјективен избор на вршителите на услугите за потребите на претставништвото, чија цена може да биде повисока од понудената на пазарот.
- Извршени набавки на ситен инвентар во износ од 200 илјади денари за потребите на резиденциите (Атина, Рим, Лондон) без претходно обезбедена согласност од МНР што е спротивно на член 51 став 3 од Правилникот за финансиско и материјално работење на ДКП на Република Македонија во странство. Истите се евидентирани како ситен инвентар, но бидејќи не е извршен попис на 31.12.2004 година, ревизијата не можеше да се увери во нивното постоење.
- Извршени исплати во готово за износ од 120 илјади денари за социјално осигурување на лица ангажирани по договор за работа (амбасада Атина, Рим и Загреб) што е спротивно на член 49 став 2 од Правилникот за плати, додатоци на плата и надоместок на определени трошоци на државните службеници во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија во странство.
- Извршени дополнителни исплати за прекувремена работа на надворешно лице по договор за дело во износ од 150 илјади денари (22.000 СЕК) во амбасадата Стокхолм спротивно на законските прописи.

Имајќи предвид дека најголем дел од утврдените неправилности во работењето на министерството преку оваа сметка се однесуваат на дипломатско конзуларните претставништва на РМ во странство чие учество во вкупната актива и пасива на МНР изнесува 82,55% и 68,95% од вкупните расходи, ревизијата има обврска да ја истакне потребата од преземање на



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*
**Овластен Државен ревизор**
----------------------------

мерки за зајакнување на интерните контроли во поглед на обезбедување на законско и наменско користење на буџетските средства.

**Препораки и мерки:**

1. Одговорните лица во МНР да преземат соодветни мерки за примена на Законот за буџетите во однос на наменското и законско користење на средствата согласно одобрениот буџет на Министерството за надворешни работи.
2. Одговорните лица во МНР да преземат соодветни мерки за напуштање на праксата за ангажирање на надворешни лица – новинари за работи и задачи за кои се задолжени одделни вработени лица.
3. Министерот и стручните служби во МНР да превземат соодветни мерки во однос на утврдување на одговорноста за трошење на средствата од наплатениот приход од конзуларни такси и извршен поврат на данок и за истите да ги задолжат одговорните лица,а средствата да ги уплатат во Буџетот на РМ.
4. Правилникот за плати, додатоци на плата и надоместок на определени трошоци на државните службеници во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија во странство да се дополни со казнени одредби, преку кои ќе се санкционира непочитувањето на постапката за ангажирање на лица по договор.
5. МНР да испрати допис до дипломатско-конзуларните претставништва на РМ во кој ќе се наведе дека набавката на ситен инвентар за потребите на резиденциите, без претходно обезбедена согласност од Министерството за надворешни работи, ќе падне на товар на шефот на претставништвото, односно наредбодавачот.
6. Во иднина, дипломатско-конзуларните претставништва да може да исплаќаат средства за социјално осигурување на лицата ангажирани по договор, само со потврда (допис) обезбедена од институција надлежна за прашањата од работното законодавство.
7. МНР да превземе соодветни мерки во однос на утврдување на одговорноста за извршените исплати за користени здравствени услуги без согласност од МНР и задолжување на одговорното лице за враќање на средствата.
8. За сите одговорни лица во ДКП да се донесат решенија за надомест на материјална штета, да се изврши наплата на средствата и уплата во Буџетот на РМ.
9. МНР да воспостави ефикасен и редовен систем на интерни контроли со цел да се избегнат односно сведат на најмал можен степен случаите на незаконско и ненаменско трошење на средства во дипломатско конзуларните претставништва.

11.5.2. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки

Во врска со примената на Законот за јавни набавки ревизијата утврди:

- Исплати на средства за набавка на материјали и користење на услуги од повеќе добавувачи, дадени во прилог бр 1 од овој извештај, во вкупен износ од 4.772 илјади денари, без спроведена постапка за јавна набавка спротивно на Законот за јавни набавки.
- За реконструкција и адаптација на објектот во Сараево склучен е договор со добавувачот Шеврон, Сараево на поголем износ од добиената согласност за обезбедени средства од Министерството за финансии за 1.277 илјади денари.
- Склучен е договор за реконструкција на објектот-амбасада во Вашингтон на 21.05.2004 година со фирмата Triad Construction and Consulting - Va[ington, на поголем износ за 18.909 илјади денари од одобрените средства со Решението на Министерот за финансии од 19.05.2004 година,

спротивно на Законот за јавни набавки. Кон договорот не е приложена пресметка по одделни позиции и видови на градежни работи, поради што ревизијата не беше во можност да се увери дали договорените услуги се усогласени со понудените и делумно извршените работи од добавувачот. Вкупната вредност на "основните услуги" според договорот изнесуваат 110.909 илјади денари (2.170.000 УСД), а извршените работи со 31.12.2004 година изнесуваат 13.645 илјади денари (284.705 УСД). Рокот за завршување на работите е до 08.05.2005 година.

- Извршена е набавка на резервни делови за информатичка опрема во износ од 472 илјади денари и инсталациска опрема за информатичко техничко опремување на просториите на Секторот за конзуларни работи и меѓународно право во износ од 283 илјади денари при што набавката е делена на повеќе делови спротивно на член 9 од Законот за јавни набавки.
- За извршените набавки на опрема и моторни возила во дипломатско конзуларните претставништва во вкупен износ од 7.986 илјади денари не се почитувани одредбите од Законот за јавни набавки односно не се спроведувани постапки за јавни набавки.

**Препораки и мерки:**

1. Одговорните лица во МНР да преземат соодветни мерки за доследно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки и интерните акти на министерството со кои е уреден начинот за сите видови набавки, со посебно внимание за набавките во дипломатско конзуларните претставништва.

12. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 11.2.1. до 11.2.6; 11.3.1. до 11.3.4. и 11.4.1. до 11.4.5. не изразуваме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на Министерството за надворешни работи - средства од Буџетот на РМ под 31.12.2004 година и резултатот од финансиските активности за годината што завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 11.5. кај Министерството за надворешни работи – сметка за редовно работење не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

14. Ревизијата има обврска да истакне дека од страна на Министерството за надворешни работи по претходниот ревизорски извештај за 2001 година не се преземени сите препораки и мерки за отстранување на констатираните неправилности, и тоа:
    - средствата остварени од наплата на конзуларните приходи и по други основи од ДКП не се уплатуваат на уплатните сметки за јавни приходи, туку истите се пренасочени на сметката за приходи наплатени од органи,
    - не е формирана комисија за контрола на целокупната документација на инвестиционото вложување - купување на куќа во Берн за потребите на амбасадата за што требало да се изготви извештај и да се донесе решение за евидентирање на објектот според вистинската вредност и
    - препораките и мерките за утврдените неправилности за кои е дадено образложение во точка 11.4.2. и 11.4.3. од овој извештај.

15. Прифатени и корегирани неправилности од страна на МНР во текот на ревизијата


*ул: "Маршал Тито" - 12/3* **Овластен Државен ревизор**
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------

1. Во текот на вршење на ревизијата извршени се корекции на одделни позиции искажани во финансиските извештаи за 2004 година, поради погрешно внесување на одделни состојби од главната книга во финансиските извештаи и поради сметководствени грешки, кои што субјектот ги прифати и евидентира во деловните книги и финансиски извештаи под 31.12.2004 година.
2. По завршување на ревизијата Министерството за надворешни работи изврши корекции на одделни состојби на сметките во главната книга во 2005 година по дадени исправки од страна на ревизијата кои што како ефекти од ревизијата ја зголемуваат вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за 2004 година за 3.879 илјади денари. Исправките се спроведени со налог за книжење бр. 1 од 01.01.2005 и налог бр 1-1 од 31.01.2005 година за одделни ДКП.

**Скопје, 12.09.2005 година**

**Овластен државен ревизор**
**Танка Блажевска**

__________________

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | | 36,725 | 65,554 |
| Капитални приходи | | 77 | 0 |
| Трансфери и донации | | 988,844 | 882,963 |
| **Вкупно приходи** | | **1,025,646** | **948,517** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | | 317,726 | 340,407 |
| Стоки и други услуги | | 525,401 | 543,388 |
| Тековни трансфери | | 81 | 8,860 |
| Каматни плаќања | | 2,958 | 365 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **846,166** | **893,020** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | | 29,653 | 8,067 |
| Капитални трансфери | | 0 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **29,653** | **8,067** |
| **Отплата на главница** | | **22,825** | **1,333** |
| **Вкупно расходи** | | **898,644** | **902,420** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **127,002** | **46,097** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **127,002** | **46,097** |


*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*
*Овластен Државен ревизор*
----------------------------

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | | 127,002 | 26,603 |
| Побарувања | | 0 | 7,520 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | | 11,570 | 0 |
| Побарувања од вработените | | 906 | 4,708 |
| Финансиски и пресметковни односи | | 1,279 | 34,039 |
| Побарувања од државата и други институции | | 0 | 0 |
| Активни временски разграничувања | | 111,234 | 101,884 |
| Залихи | | 12,308 | 10,695 |
| Аванси за капитални средства | | 0 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **264,299** | **185,449** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | | 1,002,182 | 630,345 |
| Материјални средства во подготовка | | 155 | 155 |
| **Вкупно постојани средства** | | **1,002,337** | **630,500** |
| **Вкупна актива** | | **1,266,636** | **815,949** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | | 65,677 | 57,486 |
| Обврски спрема државата и други институции | | 906 | 10,443 |
| Финансиски и пресметковни односи | | 1,279 | 14,625 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | | 9,576 | 8,417 |
| Пасивни временски разграничувања | | 174,552 | 83,783 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **251,990** | **174,754** |
| **Долгорочни обврски** | | **0** | **0** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | | 1,014,646 | 641,195 |
| Ревалоризациона резерва | | 0 | 0 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **1,014,646** | **641,195** |
| **Извори на други средства** | | **0** | **0** |
| **Вкупна пасива** | | **1,266,636** | **815,949** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА**

во 000 ден.

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **630,500** | **10,695** | **641,195** |
| **Зголемување по основ на:** | **437,117** | **1,614** | **438,731** |
| Набавки | 65,333 | 1,614 | **66,947** |
| Добиена зграда по спогодба за сукцесија | 307,999 | - | **-** |
| Набавка на зграда од 1995 година | 51,877 | - | **-** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | - | - | **-** |
| Вишоци | 8,313 | - | **8,313** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | - | **-** |
| Пренос на средства | 3,595 | - | |
| **Намалување по основ на:** | **65,280** | **-** | **65,280** |
| Отпис на капитални средства | - | **-** | **-** |
| Намалување поради погрешно книжење | 11,520 | **-** | **11,520** |
| Пренос од инвестиции на градежни објекти | 13,108 | **-** | **13,108** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | **-** | **-** |
| Амортизација | 40,652 | **-** | **40,652** |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **1,002,337** | **12,309** | **1,014,646** |



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

*Овластен Државен ревизор*

----------------------------

***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА***

***Број 09-494/13***
***11.11.2005 година***
***С к о п ј е***

Врз основа на член 27 став 6, 7 и 8 од Законот за државна ревизија – пречистен текст ("Сл. весник на РМ" бр. 73/2004) и добиен Приговор по Конечен Извештај за извршена ревизија на Министерството за надворешни работи за 2004 година Дов. бр. 10-742/4 од 20.10.2005 година, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното

# ***Р Е Ш Е Н И Е***

***по поднесен приговор на Конечен извештај***

**1.** Приговорот на точките 11.1.1, 11.1.3, 11.1.4, 11.1.5, 11.2.1, 11.2.2, 11.2.3, 11.2.4, 11.2.5, 11.3.1, 11.3.2, 11.3.3, 11.3.4, 11.4.1, 11.4.2, 11.4.3, 11.4.4, 11.4.5, 11.5.1 и 11.5.2 од Конечниот Извештај за извршената ревизија на Министерството за надворешни работи за 2004 – средства од Буџетот на РМ **не се прифаќа,** а приговорот на точките 11.1.2, 11.5.1 ал 5 и 8 и 11.5.2 ал 3 **се прифаќа**.

**2.** Решението по доставениот приговор на конечниот извештај претставува прилог на конечниот извештај и интегрално се интерпретира во годишниот извештај.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е,***

Против конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на Министерството за надворешни работи за 2004 година поднесен е приговор Дов. бр. 10-742/4 од 20.10.2005 година.

Образложението за неприфаќање односно прифаќање на одделни точки од приговорот е следното:

1. Приговорот на констатациите изнесени во точка 11.1.1 од Конечниот извештај, **не се прифаќа**, од причина што во наведената точка, Државната ревизија констатира наод кој што се однесува на невоспоставен систем на интерни контроли за годината што е предмет на ревизија, а со спроведувањето на препораката од ревизијата и воведување на одделение на внатрешна контрола на материјално финансиското работење за Министерството и дипломатско - конзуларните претставништва на РМ во странство преку измена на Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места во 2005 година по завршувањето на ревизијата, Министерството го потврдува наодот.

2. Приговорот на констатациите изнесени во точка 11.1.2 од Конечниот извештај, **се прифаќа**, поради доставени нови докази, односно решенија од министерот за пренос на надлежности на државниот советник согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа, а што се однесува на одобрување на исплати за закупнини на станови на дипломатските претставници во износ поголем од утврдениот со член 21 став 1 од Правилникот.

3. Приговорот на наодот изнесен во точка 11.1.3. од Конечниот извештај, а кој се однесува на недонесени решенија за задолжувања на лица вработени во ДКП за неосновани исплати и исплати без документ, непревземени мерки за наплата на побарувањата од вработените и невоспоставена аналитичка евиденција по лица и основ на задолжување со вкупна сметководствена вредност на 31.12.2004 година од 11.678 илјади денари **не е оспорување на наодот туку делумно спроведување на дадените препораки** само во однос на воведување на аналитичка евиденција на побарувањата по лица, а не и задолжување на лицата со решение. Во однос на приговорот дека наведениот износ од 11.678 илјади денари не се однесува на неосновани исплати и исплати без документ, со ревизијата кај одделни амбасади утврдени се вакви исплати на дипломатските претставници во следните амбасади: Бон, Берлин, Женева, Загреб, Копенхаген, Љубљана, Детроит, Париз, Стокхолм, Стразбург- мисија, Тирана, за кои што МНР треба да донесе решенија за задолжување и надомест на материјална штета и превземање на мерки за наплата на побарувањата преку задршки од плата на вработениот.

4. За наодот изнесен во точка 11.1.4. од Конечниот извештај, а кој се однесува на недонесен интерен акт со кој ќе се регулира начинот и постапката за вршење на набавки од мала вредност за 2004 година, **МНР го прифаќа наодот** со спроведување на препораката од ревизијата преку донесување на Правилник за начинот и постапката на вршење на набавки од мала вредност, заведен под број 05-10861/1 од 20.07.2005 година, даден во прилог на Приговорот.

5. Приговорот на наодот изнесен во точка 11.1.5. од Конечниот извештај, а кој се однесува на непревземање на мерки од страна на министерот за надворешни работи и соодветните стручни служби за незаконски потрошени средства против одговорните лица во ДКП, предложени и дадени во извештаите од комисиите задолжени за контрола на неколку дипломатско конзуларни претставништва во странство од месец октомври и декември 2003 година и од февруари и септември 2004 година, **не се прифаќа**, од причина што решенијата за задолжување и постапки против лицата што се дадени во прилог на Приговорот не се однесуваат на утврдените неправилности против одговорните лица во извештаите наведени во конечниот извештај, кои што беа дополнително доставени на увид на ревизијата, на 19.05.2005 година, по завршување на ревизијата (4 извештаи: извештај за извршена контрола во амбасада и постојана мисија на РМ при меѓународните организации во Виена, од октомври 2003 година; извештај за амбасада во Рим, постојана мисија на РМ при ФАО-Рим и постојана мисија при ООН ВО Женева, од декември 2003 година; извештај за амбасада во Вашингтон и постојана мисија на РМ при ООН во Њујорк, од февруари 2004 година и извештај за амбасадата во Копенхаген, од септември 2004 година). Решенијата за надомест на материјална штета за оделни лица во ДКП (5 на број) што се дадени во прилог на Приговорот, и по кои неажурно и ненавремено се спроведени книжења за задолжување во 2005 година, се изготвени во претходните години (две решенија се од 2005 година, а контролата е извршена во 2002 и 2003 година), што укажува и ја потврдува констатацијата и наодот од ревизијата дека ненавремено или воопшто не се превземаат мерки



*ул: “Маршал Тито” - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------

против одговорни лица за надомест на материјалната штета. Овие решенија се донесени по други извештаи од комисии за контрола кои не се дадени на увид на ревизијата.

6. Приговорот на наодот изнесен во точка 11.2.1. од Конечниот извештај, а кој се однесува на нереално прикажани вкупни приходи и расходи согласно планираните и одобрените средства за сметката за редовно работење од Буџетот на РМ, **не се прифаќа**, од причина што наодот е утврден согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници според кој за секоја сметка на буџетскиот корисник се води посебно сметководство и годишна пресметка врз основа на реално добиени и потрошени средства. МНР не води посебно сметководство за средствата на ДКП кои се извршуваат преку сметката 637 и сметката 631 каде соодветно би се вклучиле и овие средства, што се одразува и на искажаните податоци во финансиските извештаи за наведените сметки. Ваквата состојба е резултат на неправилни процедури при евидентирањето на приливот на средствата од конзуларни такси, што е овозможено преку Министерството за финансии - трезорска сметка, а спротивно на Законот за буџетите. Со спроведување на дадените препораки за овој наод на страна 7 точка 1 и 2 од Конечниот извештај ќе се отстранат причините кои доведуваат до ваквата состојба.

7. Приговорот на наодот изнесен во точка 11.2.2. од Конечниот извештај, а кој се однесува на невратени непотрошени буџетски средства дозначени од Трезорот на РМ на сметките за редовно работење во ДКП и на сметките за инвестиции во ДКП, **не се прифаќа**, од причина што наодот е утврден согласно Законот за буџетите кој што важи за сите буџетски корисници односно и за дипломатските, конзуларните и другите претставништва кои се составен дел на Министерството за надворешни работи како буџетски корисник, а врз основа на сметководствената евиденција на девизните сметки и благајни за редовно работење на ДКП во кои не се вклучени посебните сметки за инвестиции на кои се уплаќани наменски средства од Министерството за финансии од разделот 090.02. МФ-функција на државата (средства на Телеком). Образложението за пријавување на неизмирените обврски кое е дадено во Приговорот не го негира наодот, а прегледите за пријавени, неизмирени обврски од 2004 година, дадени во прилог, се однесуваат на неизмирени обврски према добавувачи во земјата и обврски за членарини према меѓународни организации односно не содржат пријавени, неизмирени обврски на ДКП во странство. Со Приговорот е посочен нов наод за примени средства од донации кои од страна на ревизијата не беа согледани преку избраниот примерок на тестирање, а МНР не дава никакви докази дека такви постојат. Доколку се примени средства од донации, истите треба да бидат евидентирани на посебна сметка, согласно Законот за буџетите.

8. Приговорот на наодот изнесен во точка 11.2.3. од Конечниот извештај, а кој се однесува на неводењето на деловните книги за работењето на ДКП во странство по принципите на буџетското сметководство и неевидентирањето на побарувањата и обврските во соодветниот пресметковен период, **не се прифаќа**, од причина што побарувањата и обврските не се евидентираат преку временски разграничувања по хронолошки редослед во моментот на настанување, а ревизијата констатира плаќање на фактури од 2003 година во 2004 година ( пример за амбасадата во Париз), неевидентирана обврска за извршени работи за инвестицијата во Вашингтон, неевидентирани побарувања за вратен ддв по доставени барања до надлежните институции во земјите во кои се наоѓаат дипломатско конзуларните претставништва, по фактури од 2003 година, а наплатени во 2004 година.

9. Приговорот на наодот изнесен во точка 11.2.4. од Конечниот извештај, а кој се однесува на необезбедување на веродостојни, вистинити и уредни документи за спроведените книжења во сметководствената евиденција, а кои се однесуваат за материјално финансиското работење на ДКП во странство, **не се прифаќа**, од причина што во Приговорот постои контрадикторност помеѓу докажување на неоснованост на наодот со образложенија кои всушност го потврдуваат наодот на ревизијата. Аргументите за неприфаќање на Приговорот подецидно се дадени во 6 алинеи од точката 11.2.4. од Конечниот извештај.

10. Приговорот на наодот изнесен во точка 11.2.5. од Конечниот извештај, а кој се однесува на неизвршен попис на средствата и изворите на средства на начин пропишан со законските прописи со детално образложение, **не се прифаќа**, поради следното:
    - во Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и донесениот Правилник врз основа на овој закон каде што е регулирана материјата во врска со вршењето на попис, не го ослободува Министерството за надворешни работи од организирање и спроведување на законски пропишаниот начин на вршење на попис и во дипломатско конзуларните претставништва кои се составен дел на Министерството за надворешни работи.
    - Во прилог на Приговорот нема доставено пописна листа за извршен попис на градежни објекти, становите и инвестициите во тек, ниту пак ваква пописна листа е презентирана на ревизијата во текот на вршење на самата ревизија.

    Доставената инструкција на МНР за вршење попис во ДКП бр.04-16995/1 од 08.12.2004 година, издадена од Државниот советник ја потврдува обврската за вршење на попис кај сите ДКП, но под услови предвидени со важечките законски прописи во РМ.

11. Приговорот на наодот изнесен во точка 11.3.1 од Конечниот извештај, а кој се однесува на неправилностите утврдени кај остварениот и наплатен приход од конзуларни такси и надомест на фактички трошоци во ДКП во странство, **не се прифаќа**, поради следното:
    - Во образложението дадено за неоснованост на наодот министерството детално наведува одредени одредби од Законот за буџетите и Законот за извршување на Буџетот за 2004 година, занемарувајќи го основниот факт дека приходите од конзуларни такси и надомест на фактички трошоци претставуваат приход на Буџетот на РМ согласно Законот за буџетите, а начинот на кој што се пресметува и уплатува на уплатните сметки за јавни приходи и министерството кое е задолжено за наплата на овој приход преку дипломатско конзуларните претставништва на РМ во странство е утврден согласно одредбите од Законот за административни такси и Упатството за начинот на евидентирање и распоред на јавните приходи.
    - Во врска со Приговорот за приходот од надомест на вистинските трошоци за кој се бара дополнително појаснување ревизијата има утврдено дека приходот од надомест на вистинските трошоци за 2004 година е издвоен и евидентиран на посебно аналитичко конто (722001) во текот на годината само кај неколку амбасади, и тоа: Берн, Букурешт, Виена, Копенхаген и Софија, од вкупно 32 амбасади и конзулати во кои се остварува ваков приход.
    - Во наодот од ревизијата во кој е искажано сомневање во врска со наплатата на приход од административни такси во готови пари се наведени Правилникот за начин на плаќање на административни такси (

Сл. весник бр 43/93, 23/96) и известувањето доставено до сите ДКП (амбасади и конзулати) на РМ во странство во 2004 година, бр. 85-2753/2 од 10.05.2004 година, во кое е наведено дека при комплетирање на барањата за стекнување или престанок на државјанство на РМ, за кои се наплатува административна такса според Тар бр 4, истите треба да бидат надополнети и со Уплатница за платена административна такса според курсот на еврото кој важи на денот на поднесувањето на барањето.

- Ревизијата не е задолжена да изврши квантификација на износот туку да ги обелодени и укаже на одредени состојби за кои треба самиот субјект во наредниот период да превземе мерки за исправање и корегирање на состојбата особено кога се работи за приход чија контрола, согласно Законот за административни такси, е во надлежност на Министерството за финансии, а внатрешната контрола над применувањето на прописите за административните такси во кои влегуваат конзуларните такси и другите такси треба да ја врши секој орган во свој состав.

12. Приговорот на наодот изнесен во точка 11.3.2. од Конечниот извештај, а кој се однесува на незаконски потрошени средства за тековни потреби на ДКП од извршен поврат на данок кој не е уплатен на уплатните сметки за јавни приходи, **не се прифаќа**, од причина што приходот од извршен поврат на данок е приход на Буџетот на РМ кој се уплатува на сметките за јавни приходи, а за трошењето на овие средства одлучува Владата на РМ преку Министерството за финансии и одобрениот Буџет на РМ за одделната година.

13. Приговорот на наодот изнесен во точка 11.3.3. од Конечниот извештај, а кој се однесува на реалноста и објективноста на одделни видови на расходи (репрезентација во земјата и странство и услуги за поправки на леки коли) поради непостоење на соодветна поткрепувачка документација (фискални сметки и сметки при користење на мастер кард), **не се прифаќа**, од причина што ревизијата во наодот ја изразува неможноста за увереност во основот и висината на одделните расходи за кои треба да постои поткрепувачка документација, со воведување и примена на Законот за регистрирање на готовински плаќања ( Сл весник бр 31/01, 42/03, 47/03 и 40/04), при што се укажува и на можноста од злоупотреба доколку не се применуваат законските одредби при набавки или користење на услуги во готово, посебно кај државните органи.

14. Приговорот на наодот изнесен во точка 11.3.4. од Конечниот извештај, а кој се однесува на расходите за набавка на канцелариска опрема, **не се прифаќа**, поради следното:
    - со ревизијата на извршените набавки во налозите за книжење недостасува соодветната документација која е наведена во наодот и која што треба да биде приложена во сметководствената документација во налозите за книжење, а не да се бара и накнадно да се доставува, што доведува до забавување и отежнување на вршењето на самата ревизија. Согласно Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници, внесувањето на податоците во деловните книги мора да се заснова врз веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи, кои мора претходно да бидат контролирани од овластено лице – ликвидатор, што не е случај за целокупната документација за работењето на ДКП. Ваков сметководствен документ служи истовремено како основа за контрола и ревизија.
    - наодот во врска со набавката на канцелариска опрема не е општ и непрецизен бидејќи истиот ги наведува конкретно кај кои ДПК е утврдена

неправилноста и вкупниот износ на набавената канцelариска опрема, кој што е добиен од следните поединечни износи: Анкара = 105 илјади денари, Брисел ЕУ = 222 илјади денари и Брисел – НАТО = 171 илјади денари, Букурешт = 149 илјади денари, Лондон = 133 илјади денари, Љубљана = 499 илјади денари, Париз = 387 илјади денари, Рим амбасада = 206 илјади денари, Рим ФАО = 152 илјади денари, Солун = 162 илјади денари. Во текот на ревизијата сите ревидирани набавки на опрема беа и писмено побарани од одговорното лице за книжење на сметководствената документација за ДКП и на ревизијата беа доставени сите документи за пооделни набавки за ДКП. Истите беа целосно разгледани и врз основа на тоа беше утврден наодот во извештајот. Во овие документи беа доставени записници за набавка потпишани само од амбасадорот накнадно обезбедени на факс на 17 и 19.05.2005 година, кои не преставуваат комисиски записник за прием на опремата.

15. За наодот изнесен во точка 11.4.1. од Конечниот извештај, а кој се однесува на неевидентирани побарувања по основ на платени депозити за закуп на објекти за потребите на амбасадите и резиденциите, како и платените депозити за закуп на станови на вработените, **МНР го прифаќа наодот** со спроведување на препораката од ревизијата преку изјава за спроведени книжења за нивно евидентирање во сметководствената евиденција во 2005 година, што ќе се провери при наредната ревизија.

16. Приговорот на наодот изнесен во точка 11.4.2. од Конечниот извештај, а кој се однесува на реалноста и објективноста на искажаната набавна вредност на објектот – амбасада во Берлин и купените станови, **не се прифаќа**, од причина што МНР во Приговорот нема докази со кои би се измениле констатациите во наодот, кој што во конкретниот случај се однесува на нереална и необјективна билансна позиција на градежни објекти и станови искажана во Билансот на состојба. Ревизијата не ги повторува наодите од претходната ревизија туку констатира дека сметководствената вредност искажана во Билансот на состојба на 31.12.2004 година утврдена со претходниот ревизорски извештај е непроменета и истата не одговара на состојбата утврдена од комисијата формирана во 2004 година. Иако комисијата дала препораки и мерки во однос на правилно евидентирање и прикажување на објектот и становите во финансиските извештаи, истите не се спроведени поради што состојбите на 31.12.2004 година не се реални и не одговараат на вистинската состојба.

17. Приговорот на наодот изнесен во точка 11.4.3. од Конечниот извештај, а кој се однесува на воопшто неевидентирани обврски по долгорочни кредити во сметководствената евиденција и во финансиските извештаи на МНР во претходните години и во тековната година што е предмет на ревизија, **не се прифаќа**, од причина што не е даден доказ за негирање на наодот. Напротив, во Приговорот е дадено образложение дека е спроведено книжење на обврските по кредити во 2005 година по препораката на ревизијата кое со наредната ревизија ќе се провери.

18. За наодот изнесен во точка 11.4.4. од Конечниот извештај, а кој се однесува на неевидентирани финансиски трансакции на сите девизни сметки со кои располага амбасадата во Берлин во Дрезднер банк, а се во врска со задолжувањата по долгорочните кредити, **МНР не дава приговор** односно наведува дека се спроведени книжења на обврските по кредити. Со увид во помошната евиденција која `и беше презентирана на ревизијата, обврските по кредитот за објектот се измирени, но според писмениот допис и состојбата на



*ул: “Маршал Тито” - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------

изводите од банката кои покажуват минусни салда, обврските по кредитите не се измирени. Во деловните книги остануват негативните салда на девизните сметки во Дрезднер банк за кои треба да се преземат соодветни мерки за расчистување.

19. Приговорот на наодот изнесен во точка 11.4.5. од Конечниот извештај, а кој се однесува на искажана сметководствена состојба на други материјални средства на 31.12.2004 година во износ од 61.372 илјади денари за кои не е извршен попис, а потекнува од минати години книжени во ДКП Бон и Вашингтон, без прилог на документација, **не се прифаќа**, од причина што документацијата која е дополнително доставена во прилог на приговорот не одговара на искажаната сметководствена состојба бидејќи објектот Амбасада на РМ во Вашингтон во износ од 51.877 илјади денари (1.050.000 усд) е евидентиран на конто 0201007 (дкп), а за износот од 2.481 илјади денари не е приложена никаква документација.

20. Приговорот на наодите изнесен во точка 11.5.1. од Конечниот извештај, а кој се однесува на направени расходи без претходно обезбедени средства со буџетот/финансискиот план и спротивно на законските прописи, **делумно се прифаќа за наодите во алинеа 5 и 8, а за останатите алинеи не се прифаќа**, поради следното:
    - МНР нема доставено докази за промена на наодот што се однесува на незаконското и ненаменското користење на средства утврден посебно за програма 11 – администрација и програма 12 – ДКП, поради што приговорот **не се прифаќа**. Ревизијата при утврдувањето на незаконското и ненаменското користење на средства кај ДКП го има земено во предвид фактот дека ДКП се финансира од двете сметки, поради што при споредбата во одобрените средства се влезени средствата од двете сметки.
    - Приговорот на наодот изнесен во точка 11.5.1. алинеа 2 од Конечниот извештај, **не се прифаќа**, од причина што МНР може да ангажира надворешни лица за извршување на одредени задачи во случаи кога не располага со одреден кадар, како во случајот со новинарите кои известуваат за активностите на министерот во странство, но врз основа на претходно склучен договор и обезбедени средства од Буџетот на РМ за таа намена. Ревизијата утврди дека ваквите услуги се извршуваат од страна на медиумски куќи, односно новинари со кои министерството нема склучено договори, а трошоците за ваквите патувања ги покрива преку ставката - патни и дневни расходи кои се однесуваат на вработените во министерството, спротивно на Законот за буџетите. Доколку се склучат соодветни договори, овој вид на трошоци треба да биде обезбеден и исплатен преку ставката - договорни услуги.
    - Приговорот на наодите изнесени во точка 11.5.1. алинеа 3 и 4 од Конечниот извештај, **не се прифаќа**, поради тоа што средствата од конзуларните приходи и средствата од поврат на данокот во ДКП се незаконски потрошени за тековни потреби во ДКП поради неуплатувањето на истите во Буџетот на РМ и неодобрувањето на потрошените средства од Министерството за финансии преку Трезорот на РМ.
    - Приговорот на наодот изнесен во точка 11.5.1. алинеа 5 од Конечниот извештај, кој се однесува на исплататени аванс од 4.529 илјади денари, или 100.000,00 УСД, **се прифаќа** поради доставен нов доказ, документ наречен Дополнителни клаузули кон основниот Договор помеѓу Сопственикот и Проектантот/ Градежник Triad Construction Consulting, дел 2 договор – конечен нацрт и изградба.

- Во врска со извршените плаќања на обврски по фактури за реконструкција и адаптација на зградата за амбасада во Париз за 2003 година, приговорот **не се прифаќа**, при што ревизијата укажува дека издвојувањето на средства на ставка 468 од сметка 637 и 631 во Буџетот на РМ за 2004 година не е доволен доказ дека се планирани средства за инвестицијата во Париз, имајќи го во предвид фактот дека во 2003 година нема спроведено постапка за јавна набавка, ниту пак има склучен договор со изведувачот за оваа намена. При утврдување на наодот се земени во предвид и други елементи кои укажуваат на незаконско трошење на средства (фактурите се без превод на македонски јазик, на одделни признаници за извршени исплати нема потпис од лицето кое одобрува исплата, нема комисиски записник за потврда и завршување на инвестиционите вложувања и активирање на објектот, иако во сметководствената евиденција не се води како инвестиција).
  Фактурите за реконструкција и адаптација на амбасадата се однесуваат на веќе завршени работи во 2003 година кои што средства требало да бидат планирани и одобрени во Буџетот за 2003 година. Исто така, доколку останале неизмирени обврски за 2003 година истите требало да се евидентираат книговодствено преку активни временски разграничувања и да се пријават во прегледот за неизмирени обврски со состојба на 31.12.2003 година во Министерството за финансии, за да може да се платат во 2004 година, што не е направено во конкретниот случај, ниту во Предлог буџетската пресметка за 2004 година е дадено образложение по поодделни ставки за какви намени се бараат буџетски средства.
- Во врска со неосновано извршените исплати од благајна за реконструкција и адаптација на објектот во Сараево во износ од 133 илјади денари, ревизијата го утврди овој наод врз основа на спроведени книжења во сметководствената евиденција по прегледот за материјално финансиско работење во кој се наведени броеви на документи 64, 78 и 13, а истите не се приложени во налогот, ниту се дополнително најдени од страна на субјектот, поради што проговорот **не се прифаќа**.
- Приговорот на констатацијата изнесена во точка 11.5.1. алинеа 8 од Конечниот извештај, **се прифаќа**, поради дополнителното образложение од министерството дека во 2005 година Фондот за здравствено осигурување, врз основа на склучениот договор помеѓу МНР и Фондот и донесените решенија, ќе ги рефундира потрошените буџетски средства за користените здравствени услуги од страна на државните службеници во ДКП на РМ во странство.
- Приговорот во врска со извршените исплати за вршење на услуги за потребите на претставништвата Атина, Лондон, Рим, Мисија на РМ при Нато (чистење, следење на медиуми) **не се прифаќа**, поради што во Правилникот за плати, додатоци на плати и надоместоци на определени трошоци на државните службеници во дипломатско конзуларните претставништва на РМ во странство во член 47 точка 7 *Ангажирање на лица по договор* стои ,,За извршување на определени работи во претставништвото може да биде ангажирано лице по договор за работа кој го склучува шефот на претставништвото, по претходна согласност од министерството,,.
- Приговорот кој се однесува на извршени исплати во готово за износ од 120 илјади денари за социјално осигурување на лица ангажирани по договор за работа (амбасада Атина, Рим и Загреб), **не се прифаќа**, од причина што од страна на ревизијата е земен во предвид исклучокот во однос на став 2 од член 49 од Правилникот за плати, додатоци на плати


*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------

и надоместоци на определени трошоци на државните службеници во ДКП на РМ во странство, но ревизијата не можеше да обезбеди докази, ниту МНР има доставено нови докази со забелешки, за остварените права во наведените земји. Препорака на ревизијата е: ,,Во иднина, дипломатско-конзуларните претставништва да исплаќаат средства за социјално осигурување на лицата ангажирани по договор, само со потврда (допис) обезбедена од институција надлежна за прашањата од работното законодавство,,.

21. За Приговорот на наодите изнесен во точка 11.5.2. од Конечниот извештај, а кој се однесува на неприменување на постапки од Законот за јавни набавки, се дава следниот одговор:
    - Приговорот во однос на набавката на странски списанија во износ од 785 илјади денари од Дипрес – Скопје, **не се прифаќа**, поради тоа што на ревизијата не и беше ставено на увид доказ дека, согласно член 67 став (1) алинеја 2 од Законот за јавни набавки, набавката може да се изврши само од конкретниот испорачател на списанија поврзани со заштита на ексклузивните права регистрирани во Министерството за економија или Стопанската комора на РМ.
    - Приговорот во однос на набавката на странски списанија во износ од 2.570 илјади денари од Македонски информативен центар – Скопје, **не се прифаќа**, поради тоа што приложениот договор во Приговорот е склучен без претходно добавувачот да биде избран во постапка за јавна набавка, а на ревизијата не `и беше ставено на увид доказ дека, согласно член 67 став (1) алинеја 2 од Законот за јавни набавки, набавката може да се изврши само од конкретниот испорачател на списанија поврзани со заштита на ексклузивните права регистрирани во Министерството за економија или Стопанската комора на РМ.
    - Приговорот која се однесува на склучен договор за реконструкција и адаптација на објектот на амбасадата на РМ во Сараево на поголем износ од добиената согласност за обезбедени средства од Министерството за финансии, **не се прифаќа**, поради недоставување на нови докази кои би го промениле наодот, со дополнително објаснување дека во согласноста за пристапување кон склучување на договорот за јавна набавка, бр 12-19557/2 од 20.08.2004 година во точка 4 е наведено дека Министерството за финансии го задолжува МНР при склучување на договорот да не го надмине вкупниот износ на средства од став 2 ( 6.720 илјади денари) на оваа согласност и истите да ги искористи до 25.12.2004 година. Во конкретниот случај обезбедени се средства во износ од 6.720 илјади денари, а склучен е договор на 28.09.2004 година на износ од 7.997 илјади денари (129.500,00 еур) односно на поголем износ од 1.277 илјади денари.
    - Приговорот која се однесува на склучен договор за реконструкција на објектот на амбасадата на РМ во Вашингтон на поголем износ од добиената согласност за обезбедени средства од Министерството за финансии, **се прифаќа**, поради доставување на нов доказ во прилог на приговорот - согласност бр 23-20302/2 од 14.07.2005 година од Министерството за финансии-Биро за јавни набавки, врз основа на барање од МНР до наведеното министерство.
    - за Приговорот на наодот за набавка на резервни делови за информатичка опрема во износ од 472 илјади денари и инсталациска опрема за информатичко техничко опремување на просториите на Секторот за конзуларни работи и меѓународно право во износ од 283 илјади денари, при што набавката е делена на повеќе делови, спротивно на член 9 од Законот за јавни набавки, се дава следното образложение:

1. Приговорот за набавка на информатичка опрема и резервни делови во износ од 472 илјади денари, **не се прифаќа**, од причина што за оваа набавка донесени се три решенија од мала вредност чиј предмет на набавка е ист, а според Законот за јавни набавки истата требала да се спроведе по пат на отворен повик-како делива набавка.
2. Приговорот за набавка на инсталациска опрема за информатичко техничко опремување на просториите на секторот за конзуларни работи и меѓународно право во износ од 283 илјади денари, не се прифаќа, од причина што за оваа набавка донесени се две решенија од мала вредност, а според Законот за јавни набавки истата требала да се спроведе по пат на отворен повик-како делива набавка бидејќи се однесува за опремување на просториите на Секторот за конзуларни работи меѓународно право преку набавка, поврзување и ставање во функција на телефонска централа и телефонски апарати.

- Приговорот која се однесува на неспроведување на постапки за јавни набавки на опрема и моторни возила во дипломатско конзуларните претставништва на Република Македонија во странство, **не се прифаќа**, од причина што дипломатско конзуларните претставништва на Република Македонија во странство се составен дел на Министерството за надворешни работи. Согласно Законот за јавни набавки Министерството за надворешни работи, како корисник на средства од Буџетот на РМ, при набавките на стоки и користење на услуги, подлежи на одредбите на наведениот закон. Всушност, во текот на 2004 година, согласно Законот за јавни набавки, спроведени се постапки за јавни набавки за реконструкција и адаптација на објектот на амбасадата на РМ во Сараево и за реконструкција на објектот на амбасадата на РМ во Вашингтон. За сите други набавки на стоки и користење на услуги во ДКП не се спроведувани постапки за јавни набавки, спротивно на Законот.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Скопје, 11.11.2005 година

**Главен државен ревизор,**
**Методија Тошевски**



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*